СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | |
|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**07.08.2009 г.**<br>**БРОЈ 8 ГОДИНА 44** |


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за подигање спомен обележје на руската књегина Олга и рускиот кнез Владимир, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/3**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 5 и 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја ( Сл.весник на рм. бр.66/04),член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР**

**Член 1**

Се подига спомен обележје за покрстувањето и крунисувањето на руската кнегиња Олга и крунисувањето на рускиот кнез Владимир.

**Член 2**

Потребните средства за подигање на спомен–обележјето ќе ги обезбеди Светскиот Македонски Конгрес и Руската заедница во Македонија.

Средствата за уредување на локацијата и работната рака за поставување на спомен обележјето ќе се обезбедат од Буџетот на општина Охрид.

**Член 4**

Средствата потребни за чување, одржување и заштита на спомен обележјето ќе се обезбедат од Буџетот на општина Охрид.

**Член 5**

Спомен обележјето за покрстувањето и крунисувањето на руската кнегиња Олга и крунисувањето на рускиот кнез Владимир ќе биде поставено на Кп.бр. 16300 во КО Охрид.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1935/3**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање одбор за подигање на спомен обележје на руската књегина Олга и рускиот кнез Владимир, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/4**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Законот за меморијални споменици и спомен обележја (Сл.весник на рм. бр.66/04),член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ НА СПОМЕН – ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР**

Член 1

Со оваа Одлука се формира Одбор за подигање на спомен обележје на руската кнегиња Олга и рускиот кнез Владимир.

Член 2

Одборот за подигање на спомен обележје ќе го сочинуваат :

- **ЈОНЕ СТАНКОВСКИ - претседател**
- **ЈОВАНКА ДАМОВСКА - член**
- **ОРХИДЕЈА ТАСЕВСКА - член**
- **ЉУБИЦА БОШЊАКОВА ПЕЈОСКА – член**
- **СЕРАФИМ НАУМОСКИ - член**
- **НИКОЛА ЦЕЛАКОСКИ - член**
- **ТОДОР ПЕТРОВ -член**

Член 3

Оваа Олдука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-1935/4**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД БРОЈ 021097/11 ОД 11.12.2006 ГОД. И ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД БР.02-1534/5 ОД 06.07.2009 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Охридски Комуналец“-Охрид бр.02-1097/11 од 11.12.2006 год. и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Охридски Комуналец„-Охрид бр.02-1534/5 од 06.07.2009 год., што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/5**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД БРОЈ 02 -1097/11 ОД 11.12.2006 ГОД. И ОДЛУКАТА БР.02-1534/5 ОД 06.07.2009 ГОД.

**Член 1**

Се дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид број 02-1097/11 од 11.12.2006 год. и Одлуката за изменување и дополнување на Статутот на ЈП „Охридски Комуналец“ Охрид бр.02-1534/5 од 06.07.2009 год, донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1935/5**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ ПОДРУЖНИЦИ БР.02-1534/6 ОД 06.07.2009 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за основање подружници бр.02-1534/6 од 06.07.2009 год., што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/6**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ НА ПОДРУЖНИЦИ ВО ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за основање на подружници како посебни организациони единици на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид бр.02-1534/6 од 06.07.2009 год., донесена од Управниот одбор на ЈП„Охридски Комуналец“ Охрид.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1935/6**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за формирање Комисија за унапредување на правата на пациентите, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/7**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 05.08.2009 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ФОРМИРА КОМИСИЈА** за унапредување на правата на пациентите на територијата на општината Охрид во следниот состав:

**- ЗОРЕ МИЦКОСКИ**
**- СИМОН ЈАКОВЛЕВ**
**- МИМОЗА СТАВРЕВА**
**- СВЕТЛАНА ПЕТРОВИЌ**
**- СТРАШО СРБАКОСКИ**
**- БОРО ШАЈН**
**-КИРИЛ ПЕЦАКОВ**
**- ЉУПЧО НАСТОСКИ**
**- ВИОЛЕТА МИЦКОСКА**

**Член 2**

Мандатот на членовите на комисијата трае две години, со право на уште еден последователен избор.

**Член 3**

Оваа Олдука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Охрид“.

**Број 07-1935/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.08.2009 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА НЕВЛАДИНИ, ХУМАНИТАРНИ, НЕПРОФИТАБИЛНИ И СЛ. ОРГАНИЗАЦИИ, БЕЗ НАДОМЕСТ.

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Заклучокот за издавање на просториите во Основните и Средните училишта на невладини, хуманитарни, непрофитабилни и сл. организации, без надомест, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/8** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.08.2009 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 год. ги донесе следните:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА НЕВЛАДИНИ, ХУМАНИТАРНИ, НЕПРОФИАБИЛНИ И СЛ. ОРГАНИЗАЦИИ, БЕЗ НАДОМЕСТ**

1. СЕ ЗАДОЛЖУВААТ директорите на Основните и Средните училишта на подрачјето на општина Охрид, да пристапат кон издавање на просториите кои не се во функција на образовна цел, на невладини, хуманитарни, непрофитабилни и сл.организации, без надомест .

2. Овој заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1935/8**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ БР.02-2968/7 ОД 15.07.2008 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на Одлуката за отуѓување на недвижен имот бр.02-2968/7 од 15.07.2008 год., што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/9**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отуѓување на недвижниот имот, донесена од Управниот одбор на МЈП„Проаква“- Струга бр.02-2968/7 од 15.07.2008 год..

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1935/9** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.08.2009 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА БР.02-3178/14 ОД 04.08.2008 ГОД.**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за давање согласност на одлуката бр. 02-3178/14 од 04.08.2008 год, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/10** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.08.2009 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОТТУЃУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ**

**Член 1**

**СЕ ДАВА СОГЛАСНОСТ** на Одлуката за отуѓување на недвижниот имот, донесена од Управниот одбор на МЈП„Проаква“- Струга бр.02-3178/14 од 04.08.2008 год..

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1935/10**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за преотстапување на правото на долготраен закуп на градежно земјиште од општина Охрид на МЈП„Проаква“- Струга, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/11**
**05.08.2009 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ОД ОПШТИНА ОХРИД НА МЈП„ПРОАКВА“ СТРУГА**

**Член 1**

**СЕ ПРЕОТСТАПУВА** правото на долготраен закуп на градежно земјиште од општина Охрид на МЈП„Проаква“ Струга, стекнато по основ на Договор за засновање на право на долготраен закуп на градежно земјиште со непосредна спогодба бр.20-6216/09, Договор бр.20-6217/9 и Договор бр.20-6218/09 на следните парцели:

кп.бр.384/7 во површина од 54 м2, кп.384/6 во површина од 488 м2, кп.бр.384/8 во површина од 9 м2, кп. бр.659 во површина 1903 м2 во КО Рамне ;

кп. бр.4343 во површина од 2334 м2, кп.бр.43/1 во површина од 107 м2, кп.бр.45/2 во површина од 53 и кп.бр.45/3 во површина од 16 м2. во КО Велестово .

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

| | |
|---|---|
| **Број 07-1935/11** | **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД** |
| **05.08.2009 год.** | **Претседател,** |
| **О х р и д** | **Душко Јаковчески с.р.** |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА КАКО СОДРУЖНИК ДА УЧЕСТВУВА ВО ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА ЧЕТИРИ МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ КОИ БИ СЕ ИЗГРАДИЛЕ НА ГРАВИТАЦИОНИОТ ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ „ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ“-ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за дополнување на Одлуката за давање согласност на Одлуката на МЈП„Проаква“-Струга како содружник да учествува во основање на Друштво со ограничена одговорност, за реализација на проектот за изградба и стопанисување на четири мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „Летнички Извори“ Охрид, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/12** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.08.2009 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА КАКО СОДРУЖНИК ДА УЧЕСТВУВА ВО ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА ЧЕТИРИ МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ КОИ БИ СЕ ИЗГРАДИЛЕ НА ГРАВИТАЦИОНИОТ ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ „ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ“-ОХРИД**

**Член 1**

Се дополнува одлуката за давање согласност на Одлуката на МЈП „Проаква“ Струга како содружник да учествува во основање на Друштво со ограничена одгворност, за реализација на проектот за изградба и стопанисување на четири мали хидроелектрани кои би се изградиле на гравитациониот водоснабдителен систем „ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ“ Охрид бр.07-892/15 од 30.04.2008.

**Член 2**

После член 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

„Градежно техничката и правната документација да се издава на новоформираното друштво кое е спостевник на објектите до важење на концесиските договори“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид„.

**Број 07-1935/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**05.08.2009 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОДОВОДОТ ОД МЗ ГОРНО ЛАКОЧЕРЕЈ И ОТСТАПУВАЊЕ НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за преземање на водоводот од МЗ Горно Лакочереј и отстапување на МЈП „Проаква“-Струга

, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 година.

**Број 08-1935/13** **ОПШТИНА ОХРИД**
**05.08.2009 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески с.р.**

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општината Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 05.08.2009 год. донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОДОВОДОТ ОД МЗ ГОРНО ЛАКОЧЕРЕЈ И ОТСТАПУВАЊЕ НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА**

Член 1

Со оваа одлука Општина Охрид го презема водоводот од МЗ Горно Лакочереј и го отстапува на МЈП „Проаква“-Струга.

Член 2

МЈП„Проаква“-Струга ќе врши користење, стопанисување,управување со водоводната мрежа и се обврзува да обезбеди трајно и квалитетно водоснабдување на МЗ Горно Лакочереј со вода за пиење.

Член 3

Градоначалникот ќе формира Комисија за примопредавање на водоводот.

Комисијата ќе ја сочинуваат шест члена и тоа: Два члена од локалната самоупрва, два члена од МЗ Горно Лакочереј и два члена од МЈП „ Проаква“.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1935/13**
**05.08.2009 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

**И С П Р АВ К А**

**Се врши исправка односно дополнување на дополнувањето на Програмата за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2009 год. објавена во „Сл. гласник на општина Охрид бр. 07/09“.**

**Во текстот на точка 3 во дополнувањето на Програмата се врши исправка и тоа наместоза дел од УЗ 13 УБ 13.1 треба да стои "за дел УЗ 17 дел од УБ 17.1 каде се наоѓа центарот за обука на вода при Министерството за одбрана ".**

**После точка 4 во дополнувањето на Програмата се додава нова точка 5 која гласи :**

**„ 5. Измена на намена на површина на дел од УЗ 7 УБ 7.2 и дел од УЗ 9 УБ 9.1**

Во ГУП - Охрид 2002-2012 донесен во 2006 година површината на УБ 7.2 е наменета за домување и домување со терцијални содржини, а површината на УБ 9.1 е наменета за домување, домување со терцијални содржини, терцијален сектор, локален центар (образование,трговија угостителство, занаетчиство, финансово технички услуги, здравство и др.) и комунални дејности.

Со процесот на денационализација делови од земјиштето што се наоѓаат во УБ7.2 и УБ9.1 се вратени во приватна сопственост на претходните сопственици. Имајќи ја во предвид законската процедура за враќање на истото т.е. дека веќе не е предмет на јавен и општествен интерес, се создаваат услови за негова пренамена.“

**Број 07- 1935/2**
**05.08.2009 г.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**


1. **ОДЛУКА ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР** **2**

2. **ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ ОДБОР ЗА ПОДИГАЊЕ СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈЕ НА РУСКАТА КЊЕГИНА ОЛГА И РУСКИОТ КНЕЗ ВЛАДИМИР** **3**

3. **ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП „ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“ ОХРИД БР.02-1097/11 ОД 11.12.2006 Г. И ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈП„ОХРИДСКИ КОМУНАЛЕЦ“-ОХРИД БР.02-1534 ОД 06.07.2009 Г.** **4**

4. **ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ ПОДРУЖНИЦА БР.02-1534/6 ОД 06.О7.2009 ГОД.** **5**

5. **ОДЛУКА ЗА ФОРМИРАЊЕ КОМИСИЈА ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ** **6**

6. **ЗАКЛУЧОК ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПРОСТОРИИТЕ ВО ОСНОВНИТЕ И СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА НА НЕВЛАДИНИ, ХУМАНИТАРНИ, НЕПРОФИТАБИЛНИ И СЛ. ОРГАНИЗАЦИИ, БЕЗ НАДОМЕСТОК** **8**

7. **ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКТА ЗА ОТУЃУВАЊЕ НА НЕДВИЖЕН ИМОТ БР.02-2968/7 ОД 15.07.2008 Г.** **9**

8. **ОДЛУКА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА БР.02-3178/14 ОД 04.08,2008 ГОДИНА** **10**

9. **ОДЛУКА ЗА ПРЕОТСТАПУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ДОЛГОТРАЕН ЗАКУП НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТА ОД ОПШТИНА ОХРИД НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА** **11**

10. **ОДЛУКА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА КАКО СОДРУЖНИК ДА УЧЕСТВУВА ВО ОСНОВАЊЕ НА ДРУШТВО СО ОГРАНИЧЕНА ОДГОВОРНОСТ, ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА И СТОПАНИСУВАЊЕ НА ЧЕТИРИ МАЛИ ХИДРОЕЛЕКТРАНИ КОИ БИ СЕ ИЗГРАДИЛЕ НА ГРАВИТАЦИОНИОТ ВОДОСНАБДИТЕЛЕН СИСТЕМ „ЛЕТНИЧКИ ИЗВОРИ“-ОХРИД** **12**

11. **ОДЛУКА ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ВОДОВОДОТ ОД МЗ ГОРНО ЛАКОЧЕРЕЈ И ОТСТАПУВАЊЕ НА МЈП„ПРОАКВА“-СТРУГА** **13**

12. **ИСПРАВКА ОДНОСНО ДОПОЛНУВАЊЕ НА**

**ДОПОЛНУВАЊЕТО НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2009 ГОД** **14**

**13.** **СОДРЖИНА** **15**